# Новинарот Фуркан Салиу тепан и приведен од специјалната полиција, реагираат ЗНМ и ЦИВИЛ, се бара негово итно ослободување

ON APRIL 7, 2024 ВЕСТИ



Новинарот и сопственик на ПорталиХ, Фуркан Салиу е уапсен од страна на специјалната полиција (ЕБР).

Според видеото кое го објави медиумот ИН7.ТВ, се гледа како Салиу е уапсен од бројни полициски сили.

Според извор познат на ЦИВИЛ, очевидец на настанот, новинарот Фуркан Салиу реагирал при апсење на навивач за време на важниот фудбалски натпревар меѓу Коњаре и Куманово.

> „При намерата на полицијата да уапси навивач на трибините, новинарот Фуркан Салиу интервенираше со повици дека немаат право да го уапсат, по што и тој е уапсен, колку што знам, за непочитување на наредбите на полицијата“, изјави изворот на ЦИВИЛ, кој сакаше да остане анонимен.

Објавените видео снимки упатуваат на прекумерна употреба на сила, што може да претставува кршење на човековите права, според ЦИВИЛ. Извори на ЦИВИЛ, исто така, упатуваат на загрижувачки факт дека новинарот Салиу е претепан од полицијата и дека бил тепан и после приведувањето во полициската станица во Гази Баба.

Во меѓувреме, ЗНМ излезе со соопштение во кое се бара итно ослободување на новинарот Фуркан Салиу.

ЦИВИЛ остро ја осуди полициската бруталност, бара итно ослободување на новинарот и итна истрага за пречекорување на полициските овластувања и полициска бруталност.

Според „Нетпрес“, пак, интернет портал кој важи за близок до ВМРО-ДПМНЕ, Салиу бил приведен откако наводно нападнал полицаец, припадник на Единицата за брзо распоредување (ЕБР). По инцидентот, полицијата извршила претрес на Салиу и на неговото возило, при што нашла еден пиштол во неговиот ранец.

Инаку, се работи за фудбалски натпревар важен за Третата фудбалска лига, каде на екипата на Куманово ѝ беа потребни бодови за влез во втората лига. Натпреварот бил претходно оценет како меч од висок ризик.

**Назми Абдурахмани**

## ТИКЕР

**ЗА го осуди новото прекршување говорот од Преспа од страна на эски и од премиерот Мицотакис зеднаш да го национализира прашањето**

024

**Спасени 77 бегалци и мигратни во морскиот дел меѓу два грчки острови**

JUNE 24, 2024

**Н А**

JU

## ФОКУС

## Вархеји и` го честиташе изборот на новата Влада

**ВЕСТИ** — JUNE 24, 2024

Европскиот комесар за проширување и соседска политика Оливер Вархеји упати честитка до премиерот Христијан Мицкоски...

**Собранието на Република Северна Македонијнаноќва ја избра новата влада на Република Северна Македонија на чело со премиерот Христијан Мицкоски**

JUNE 24, 2024

**Нимиц: Употребата на уставното име само во писмена, но не и во усна форма ќе предизвика континуирани проблеми и конфузија**

JUNE 23, 2024

**Во напад врз Севастопол загинаа три лица, над 100 повредени**

JUNE 23, 2024

## Претплати се на е-билтенот на НоваТВ

Добиј ги последните вести на твојата е-адреса.

Your email address..

ПРЕТПЛАТИ СЕ

РЕДАКЦИЈА МАРКЕТИНГ ПОЛИТИКА НА ПРИВАТНОСТ

© 2024 НОВА ТВ